**ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА И УПРАВУВАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува: дејноста, целта, управувањето, раководењето, финансирањето, надзорот како и други прашања поврзани со работата на Центарот за доживотно учење при Универзитетот Гоце Дечев - Штип.

## II. ОПИС НА ПРАВИЛНИКОТ

**Член 2**

Целта на Центарот за доживотно учење е подготвување, реализирање, координирање и спроведување на активности поврзани со учењето во текот на целиот живот. Унапредување на знаењето, вештините и способностите, како и усовршување на компетенциите, квалификациите и доквалификациите како можност за професионален развој и креирање перспектива за конкуретност на пазарот на труд.

**Член 3**

Центарот за доживотно учење ја подржува и развива мрежата на социјалното партнерство на сите нивоа и фази во планирањето, развојот и реализацијата на стручното образование и обука согласно закон.

**Член 4**

Центарот за доживотно учење има статус на понудувач на услуги за образование на возрасните согласно закон. Центарот нема својство на правно лице и работи во склоп на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Член 5**

Центарот за доживотно учење има свој печат и штембил кои се ставаат на актите и документите што се издаваат од страна на Центарот. Печатот е во тралезна форма. Во средината е грбот на Република Македонија, во вториот дел Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во третиот дел Центарот за доживотно учење.

Штембилот на Центарот има правоаголна форма и го содржи редоследно следниов текст: Република Македонија и натпис во четири реда. Во надворешниот прв ред Република Македонија, во вториот ред Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, третиот ред Центар за доживотно учење.

Штембилот се употребува при архивско работење на Центарот за доживотно учење.

**Член 6**

Центарот води деловодна книга во која се заведуваат документите и записите од тековното работење на центарот под услови утврдени во закон. Евиденцијата

се води во електронска и хартиена форма за сите услужни и апликативни дејности, издавање на сертификати и сите останати активности на центарот согласно закон. Сите официјални документи на Центарот за доживотно учење се изработуваат на Меморандум на Центарот со лого кој што е составен дел на овој Правилник.

**Член 7**

Со Центарот раководи и управува раководител што го назначува ректорот на период од 4 (четири) години.

**Член 8**

Дејноста и активностите на Центарот за доживотно учење се базираат на реализирање на посебни програми за образование на возрасни. Активностите на Центарот опфаќаат преквалификација и доквалификација, оспособување и обука на вработени и невработени возрасни лица, овозможување образование и стекнување знаења и вештини кои одговараат на личните способности и возраста на поединците и стекнување со основни вештини и компетенции со кои се обезбедуваат основи за доживотно учење.

**Член 9**

Обуките кои што се спроведуваат по акредитирани програми за образование на возрасните задолжително содржат:

- назив на програмата;
- знаења, вештини и способности кои се стекнуваат со завршувањето на програмата;
- услови за запишување, напредување и завршување на програмата;
- траење на програмата и облиците за изведување;
- кадровски, дидактички, просторни и други услови за изведување на програмата и
- начин на евалуацијата на програмата и постигнатите резултати од учењето.

**Член 10**

Неформалното образование на возрасните го означува организираниот процес на учење насочен кон оспособувањето на возрасните за работа, за различни социјални активности или личен развој.

**Член 11**

Центарот работи по концептот на образование на возрасните воспоставен на база на сертификационен систем во Република Македонија. По основ на овој сертифициран систем на образование, учесниците добиваат национално признати сертификати кои ги докажуваат добиените стручни компетенции од соодветната област за која се обучуваат.

**Член 12**

За стекнатите знаења, вештини, способности и компетенции од посебните програми за образование на возрасните се добива сертификат од областа за која се обучувал учесникот.

**Член 13**

Програмите по кои што се издаваат сертификатите и самите сертификати се усвоени на Универзитетскиот сенат, на иницијатива на наставно-научните совети на единиците, а по барање од Центарот за доживотно учење.

**Член 14**

Центарот за доживотно учење доставува *ОБ.16.01, План и програма на активности на Центарот за доживотно учење за тековната година* до Универзитетскиот сенат.

**Член 15**

Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип преку Центарот за доживотно учење издава унифициран сертификат за завршена обука, освен за програмите за кои со посебен правилник согласно закон е пропишана формата и содржината на сертификатот. Унифицираниот сертификат е составен дел на овој правилник.

**Член 16**

Центарот за доживотно учење има акредитирани посебни програми од повеќе области на едукацијата и професионалниот тренинг чија постапка за обучување и тренинг е уредена со посебни програми од секоја соодветна област.

**Член 17**

За време на следењето на програмата за образование на возрасните се склучува договор меѓу Центарот за доживотно учење и учесникот.
Со договорот се уредвуваат условите за следење на едукацијата, местото на спроведување, времетраењето, надоместот, видот на сертификатот и други прашања кои се врзани за спецификите на областа од која што се спроведува образованието.
Пред започнувањето на реализацијата на програмата за образование на возрасните, договорот треба да биде потпишан.
Содржината, формата и постапката на потпишување на договорот го утврдува Центарот.

**Член 18**

Тарифите за извршените обуки и тренинзи што не се определени со закон се определуваат со посебните тарифници од соодветната област за која се врши обуката.

**Член 19**

Стекнатите средства од работата на Центарот за доживотно учење се распоредуваат согласно *ПРВ.06.05 Правилник за формите на стекнување и распределба на приходот од научно-истражувачка, стручно-уметничка и апликативна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип*.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

За својата работа Центарот за доживотно учење одговара пред ректорот, Ректорската Управа и Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Член 21**

За се што не е уредено со овој правилник се применуваат одредбите од Законот за високо образование, Законот за образование на возрасни и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Член 22**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престануваат да важат посебните правилници за акредитираните програми од соодветните области.